Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. 15-46/2
Охрид, 21.7 2021 год.

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија “ бр. 82/2018) и на членот 194 и член 195 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид (арх. бр. 01-156/1 од 08.02.2019 година, Наставно – научниот совет на Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника, на седница одржана на ден 21.07.2021 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За започнување постапка за избор на Декан**

1. Се започнува постапка за избор на декан на Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мулитмедијална и анимациска техника при Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид, за мандатен период 2021 - 2024 година.
2. Се донесуваат критериуми за кандидати за декан на Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника.
3. Деканот се избира од редот на редовните и вонредните професори на факултетот, а доколку нема редовни и вонредни професори и од редот на доцентите за време од три години, со право на уште еден избор, под условите утврдени со статутот на универзитетот.
4. Секој редовен и вонреден професор, а доколку такви нема и секој доцент, доколку ги исполнува условите од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија “ бр. 82/2018) и Статутот на Универзитетот, има право да се кандидра за декан.
5. Кандидатот за декан, покрај условите од точка 3 и точка 4 на оваа одлука, треба да ги исполнува и следните критериуми:
   - да е истакнат истражувач од областа на своето научно дејствување;

- да има нагласени комуникациски, организациски и раководни способности;

6. Кандидатите за декан доставуваат пријава и програма за мандатниот период до архивата на Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника во рок од 15 (петнаесет) дена од донесување на одлуката .
7. Пријавите и програмите на кандидатите за декан се доставуваат до членовите на наставно – научниот совет, во рок од 3 дена од денот на нивното поднесување.
8. За избор на декан наставно научниот совет одлучува со тајно гласање.
9. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Согласно одредбите од член 110 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/2018) и член 194 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле” Охрид, наставно - научниот совет, со тајно гласање, избира декан на факултетот и одлуката за избор му ја доставува на Универзитетскиот сенат за потврдување.

**В.д. Декан,**

**Доц. д-р Расим Салкоски**

Доставено до: Архива
Веб страна на УИНТ